**20241803131**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 5-а став (3) од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 106/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 август 2024 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ЗБИРКИ НА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ, ПОСТАПКАТА, НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОДАТОЦИТЕ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ ВО НАЦИОНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА НА ПРОСТОРНИ ПОДАТОЦИ

Член 1

Со оваа уредба се пропишуваат формата и содржината на Регистарот на збирки на просторни податоци (во понатамошниот текст: Регистарот), постапката, начинот и роковите на доставување на информациите за податоците од страна на субјектите во националната инфраструктура на просторни податоци (во понатамошниот текст: НИПП).

Член 2

Регистарот се води во електронска форма, како дел од националниот геопортал.

Член 3

(1) Во Регистарот се води евиденција за збирките на просторни податоци, сериите на збирки на просторни податоци и мрежните услуги за збирките на просторни податоци (во понатамошниот текст: извори).

(2) За секој извор од ставот (1) на овој член во Регистарот се внесуваат податоци за следните елементи: автоматски доделен број на изворот, единствена ознака на изворот, име на изворот, апстракт на изворот, тип на изворот, формат на изворот, адреса на изворот, единствена ознака на субјектот во НИПП, назив на субјектот во НИПП во чија надлежност е изворот, тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот, тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот според INSPIRE, географски опфат на изворот, тип на пристап до изворот, датум на внесување на изворот во Регистарот, поврзани извори и забелешка.

(3) Формата и содржината на Регистарот се дадени во Прилог, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 4

Елементите од член 3 став (2) од оваа уредба кои се дел од содржината на Регистарот опфаќаат:

- автоматски доделен број на изворот кој е единствен запис во Регистарот кој софтверски се доделува на изворот,
- единствена ознака на изворот која е поле составено од четири карактери наменети за внесување на ознака која ја доделува Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст: Агенцијата), со која се означува изворот во Регистарот,
- име на изворот кое е карактеристичен и единствен назив под кој е познат изворот,

- апстракт на изворот кој е кратка содржина која го опишува изворот,
- тип на изворот кој може да биде збирка на просторни податоци, серија на збирки на просторни податоци или мрежна услуга за збирка на просторни податоци,
- формат на изворот кој може да биде shp, jpg, tiff, wms, wfs, wcs, atom, pdf и друго,
- адреса на изворот која е врска (link) преку кој се пристапува до изворот,
- единствена ознака на субјектот во НИПП која е поле составено од четири карактери наменети за внесување на ознака која ја доделува Агенцијата, со која се означува субјектот во НИПП,
- назив на субјектот во НИПП во чија надлежност е изворот кој е назив утврден во членот 20 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија,
- тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот која е една или повеќе од темите утврдени во членот 5 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија,
- тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот според INSPIRE која е една или повеќе од темите утврдени во член 5 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија, при што овој елемент се внесува само за изворите кои се усогласени со законодавството на Европската Унија,
- географски опфат на изворот кој е географска одредница која просторно ја определува локацијата на изворот,
- тип на пристап до изворот кој претставува начин на користење на изворот во однос на плаќањето на надоместок за користење на истиот и наведувањето на авторот на изворот,
- датум на внесување на изворот во Регистарот кој е датум на кој изворот е внесен во Регистарот,
- поврзани извори кои се извори кои имаат врска со иста збирка на просторни податоци, при што кога изворот е серија или мрежна услуга, тогаш поврзаниот извор е врска со збирката на просторни податоци за која се однесува серијата или мрежната услуга, а кога изворот е збирка на просторни податоци, тогаш поврзаниот извор е врска со неговата серија или мрежна услуга и
- забелешка која претставува дополнителни напомени и коментари во врска со изворот.

Член 5

(1) Прелиминарни информации за податоците за изворите и за надлежноста на субјектите во НИПП се прибираат од страна на Агенцијата, согласно прописите со кои се уредува надлежноста на субјектот во НИПП.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член од страна на Агенцијата се проверуваат, дополнуваат и потврдуваат во соработка со субјектот во НИПП, во рок од два месеци од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(3) По потврдување на информациите од ставот (1) на овој член за изворите (збирките на просторни податоци, сериите на збирки на просторни податоци и мрежните услуги за збирките на просторни податоци), истите се внесуваат во Регистарот од страна на Агенцијата.

Член 6

(1) Заради обезбедување точни информации за изворите, од страна на Агенцијата се врши ажурирање на Регистарот.

(2) Ажурирањето на Регистарот се врши преку промена на податоците на елементите за внесен извор во Регистарот, евидентирање на нов извор во Регистарот, бришење на извор од Регистарот и исправка на грешка на податоците на елементите за внесен извор во Регистарот.

Член 7

(1) Субјектот во НИПП треба за секоја настаната промена на податоците на елементите на внесен извор во Регистарот кој е во негова надлежност, во рок од пет дена од денот кога настанала промената писмено да ја извести Агенцијата заради ажурирање на Регистарот, со доставување барање за ажурирање.

(2) Во барањето од ставот (1) на овој член субјектот во НИПП го наведува изворот кој треба да биде ажуриран во Регистарот, како и податоците на елементите од членот 4 од оваа уредба кои треба да се ажурираат.

(3) Ажурирањето на податоците во Регистарот се врши од страна на Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на барањето за ажурирање од ставот (1) на овој член.

Член 8

(1) Субјектот во НИПП треба за секој нов извор кој не е внесен во Регистарот, а кој е во рамките на неговата надлежност, во рок од пет дена од денот на изработката на новиот извор писмено да ја извести Агенцијата заради негово внесување во Регистарот, со доставување барање за внесување на изворот.

(2) Во барањето од ставот (1) на овој член субјектот во НИПП го наведува изворот кој треба да биде внесен во Регистарот, како и податоците на елементите од членот 4 од оваа уредба кои треба да се внесат.

(3) Внесувањето на новиот извор во Регистарот се врши од страна на Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на барањето за внесување на изворот од ставот (1) на овој член.

Член 9

(1) Субјектот во НИПП треба за извор кој е внесен во Регистарот, а по однос на кој му престанала надлежноста, во рок од пет дена од денот на кој му престанала надлежноста над изворот писмено да ја извести Агенцијата, заради негово бришење од Регистарот, со доставување барање за бришење на изворот.

(2) Во барањето од ставот (1) на овој член субјектот во НИПП го наведува изворот кој треба да биде избришан од Регистарот, како и податоците на елементите од членот 4 од оваа уредба кои треба да се избришат.

(3) Бришењето на изворот од Регистарот се врши од страна на Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на барањето за бришење на изворот од ставот (1) на овој член.

Член 10

(1) Субјектот во НИПП треба за секоја откриена грешка на податоците на елементите за внесен извор во Регистарот кој е во негова надлежност, во рок од три дена од денот на откривањето на грешката писмено да ја извести Агенцијата заради исправка на грешката во Регистарот, со доставување барање за исправка на грешката.

(2) Во барањето од ставот (1) на овој член субјектот во НИПП го наведува изворот кој треба да биде исправен во Регистарот, како и податоците на елементите од членот 4 од оваа уредба кои треба да се исправат.

(3) Исправката на грешката во Регистарот се врши од страна на Агенцијата во рок од три дена од денот на приемот на барањето за исправка на грешката од ставот (1) на овој член.

(4) За исправената грешка од страна на Агенцијата се изготвува службена белешка, чија копија се доставува до подносителот на барањето од ставот (1) на овој член.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4273/5
27 август 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

Прилог

Регистар на збирки на просторни податоци

| Автоматски доделен број на изворот | Единствена ознака на изворот | Име на изворот | Апстракт на изворот | Тип на изворот | Формат на изворот | Адреса на изворот | Единствена ознака на субјектот во НИПП | Назив на субјектот во НИПП во чија надлежност е изворот | Тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот | Тема на збирка на просторни податоци на која припаѓа изворот според INSPIRE | Географски опфат на изворот | Тип на пристап до изворот | Датум на внесување на изворот во Регистарот | Поврзани извори | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |